РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-1881/9
20.11 2018 год
КОЧАНИ

Друштво за премер на земјиште, проектирање и други активности на геодетски работи
ГЕОМЕР ГИС ДООЕЛ
Бр. 0307-396/1
20.11 2018 год.
КОЧАНИ

# *Д о г о в о р*

**Склучен помеѓу:**

1. ***Општина Кочани,*** со седиште на ул. "Раде Кратовче" бр.1 - Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани во својство на одговорно лице, Г-дин Николчо Илијев (во натамошниот текст : **Корисник на услугата ) и**

2. ***ДППГР „ Геомер Гис " ДООЕЛ Кочани***, со седиште на ул. „ Димитар Влахов " бр.5/102 Кочани , ДБ : 4013009503241 и ЕМБС:6452485,жиро сметка 210064524850154 депонет на НЛБ банка АД Скопје застапувано од Управителот Дејан Лазаров (во натамошниот текст : **Вршител на услугата)**

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка на услуга е:

***Геодетски услуги***

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.05-1881/4 од 28.09.2018 год., изработена од Корисникот на услугата, за спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди , со објавување на оглас бр.05-1881/4/2018 од 28.09.2018 год. , објавен на ЕСЈН , а врз основа на Одлука за јавна набавка бр. 05-1881/2 од 24.09.2018 год.

***Вредност на договорот***

**Член 2**

Согласно Одлуката за јавна набавка бр.05-1881/2 од 24.09.2018 год. вкупната договорена вредност што може да се плати за извршувањето на услугите опишани во техничката спецификација , составен дел на овој договор, односно обезбедените средства за реализација на овој договор за конкретниот предмет на набавка се во висина од **847.458,00 ден без ДДВ,** односно **1.000.000,00 ден. со вклучен ДДВ 18 %.**

Корекција на цените на услугите за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за цело времетраење на реализација на договорот

***Извор на средствата за реализација на договорот***

**Член 3**

Средствата за реализација на договорот за конкретната јавна набавка, согласно Одлуката за јавна набавка бр. 05-1881/2 од 24.09.2018 год. се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2018 и 2019 год., Програма ФА, Потпрограма ФАА , ставка 482 , потставка 482 910 .

***Начин и рок на плаќање***

**Член 4**

Плаќањето за стварно извршени услуги и испорачани геодетски материјали, ќе се врши по доставена фактура од страна на Вршителот на услугата, а согласно единичните цени утврдени во листата на цени составен дел на овој Договор кои се намалени за 31% од првично поднесената понуда .

При фактурирањето Вршителот на услуата ќе ги вклучи и износите за обезбедување на документација од АКН, со прилог потврда од АКН. Рокот за плаќање ќе биде 60/ шеесет/ дена сметано од денот на доставување на истата во архивата на Корисникот на услугата.

Составен дел на фактурата ќе биде испратницата, во која ќе биде опишана конкретната услуга, по вид, мерна единица и количина, како и број и вид на доставени примероци од геодетската документација.

Испратницата во смисла на чл.4 ст.3 од овој Договор е должен да ја издаде Вршителот на услугата во 3 /три/ примерока и истата треба да е потпишана од овластено/задолжено лице кај Корисникот на услугата и овластено/задолжено лице кај Вршителот на услугата. По еден примерок од испратницата се предава на овластеното/задолженото лице кај Корисникот на услугата, еден примерок задржува Вршителот на услугата за сопствени потреби и еден примерок заедно со фактурата се доставува до Општина Кочани-Сектор за финансиски прашања.

Доколку фактурата не ја содржи предвидената придружна документација , истата нема да се реализира и ќе биде вратена на Вршителот на услугата.

***Права и обврски на договорните страни***

**Член 5**

Геодетските услуги - предмет на набавка по овој Договор, ќе се извршуваат сукцесивно за времетраење на важноста на овој договор. Вршителот на услугата ќе пристапува кон извршување на геодетските услуги, согласно договорените видови на услуги, по писмено барање на Корисникот на услугата, кое ќе ги содржи сите потребни податоци за несметано вршење на конкретната услуга , во зависност од конкретната потреба, во смисла на услуги за конкретен вид согласно техничката спецификација (понудата), мерна единица и количина, рок на извршување на услугата и потребен број за доставување на примероци на изработените геодетски материјали. Материјалите за извршените геодетски услуги се доставуваат во печатена и електронска форма.

Вршењето на услугата треба да биде според барањата на Корисникот на услугата и постојните технички прописи и стандарди за вршење на ваков вид на услуги, а согласно единечните цени -составен дел на овој Договор.

Секоја извршена услуга од страна на Вршителот на услугата, која нема да биде во согласност со барањето на Корисникот на услугата или ќе биде извршена без барање издадено од Корисникот на услугата, ќе се смета за неважечка , а трошоците нема да се признаат и истите ќе паднат на товар на Вршителот на услугата.

Корисникот на услугата се обврзува да ги обезбеди на Вршителот на услугата сите потребни документи и податоци, објаснувања, информации со кои располага за несметано вршење на услугите, согласно неговите потреби и техничката спецификација.

**Член 6**

Корисникот на услугата е должен во рок од 8/осум/ дена од приемот на геодетската документација да изврши преглед и да му стави на Вршителот на услугата евентуални забелешки, односно приговори.

Доколку Корисникот на услугата во рок од 8/осум/ дена по приемот на геодетската документација не поднесе писмени забелешки, ќе се смета дека документацијата е усвоена во целост.

**Член 7**

Корисникот на услугата се обврзува да постапува согласно начинот и рокот за плаќање, утврдени во чл. 4 на овој Договор.

*Договорна казна*

**Член 8**

Во случај на доцнење на вршење на услугите од страна на Вршителот на услугата, Корисникот има право на надомест на штета и договорна казна – пенали .

Договорната казна се определува во висина од 1% од вредноста на неизвршената услуга за секој започнат ден , за првите две недели .

Во случај на доцнење на вршење на услугата повеќе од две недели , Корисникот на услугата има право по претходно доставено писмено известување до Вршителот на услугата , да го раскине Договорот и да бара надомест на штета или да бара наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот .

*Гаранција за квалитетно извршување на Договорот*

**Член 9**

Согласно Известување од Корисникот на услугата бр.05-1881/7 од 08.11.2018 год., Вршителот на услугата во благовремен рок достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на Договорот во еден оригинален примерок бр.ГЦ2018/1938 издадена од НЛБ Банка АД Скопје со важност од 16.11.2018 год. до 15.12.2019 год. на износ од 50.000,00 ден., односно 5 % (проценти) од вкупната вредност од чл.2 на овој Договор, со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изврши услугите кои се предмет на овој договор.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Вршителот на услугата не ги исполнува обврските од договорот за јавна набавка.

Во случај на неисполнување на некоја од обврските од договорот за јавна набавка согласно договореното, Корисникот на услугата писмено ќе го извести носителот на набавката дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот Корисникот на услугата му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот за јавна набавка.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на Вршителот на услугата по пошта, лично во седиштето на носителот на набавката или лично во седиштето на Корисникот на услугата.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Вршителот на услугата не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести Вршителот на услугата. Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, Корисникот на услугата ќе објави до ЕСЈН негативна референца.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, Вршителот на услугата соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот.

*Времетраење на важност на договорот*

**Член 10**

Времетраење на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, но не повеќе од 12/ дванаесет /месеци, сметано од денот на стапување на сила на овој Договор.

*[* вообичаено времетраење на договорот е времетраењето до конечно завршување на договорените услуги или исцрпување на средствата утврдени за реализација на конкретниот договор *]*.

*Завршни одредби*

**Член 11**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 12**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма ,ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РМ.

**Член 13**

Договорните страни се согласни за сè што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

**Член 14**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста овој Договор.

**Член 15**

Во случај на спор по овој Договор, договорните страни ќе се обидат да го решат спогодбено, во спротивно ќе решава стварно и месно надлежен суд .

**Член 16**

Овој Договор е составен во 6 / шест / еднакви примероци, од кои 2 /два / примерока за Вршителот на услугата, а 4 /четири/ примерока за Корисникот на услугата и стапува на сила на денот на потпишувањето од двете договорни страни.

*за Вршителот на услугата ,*
*Управител,*

*( Дејан Лазаров )*

ДРУШТВО ЗА ПРЕМЕР НА ЗЕМЈИШТЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ГЕОМЕР ГИС ДООЕЛ КОЧАНИ

*за Корисникот на услугата,*
*Градоначалник,*

*( Николчо Илијев )*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ

Составен дел на овој Договор е :

- листа на цени со намалени единечни цени за 31 % согласно Извештај од спроведена е-аукција

*Изработил: Виш соработник Александра Миткова*
*Контролирал : Раководител на Сектор за урбанизам и комунални работи – Зоран Манасиевв*

**ЛИСТА НА ЦЕНИ**
***Геодетски услуги***

| Р.Б | Вид на геодетски елаборат | Единица мерка | Единечна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | За премер на внатрешна површина на посебни и заеднички делови од зграда и други објекти: стан, подрум, подземна гаража, градежно место и деловни просторија и други во функција за запишување / промена во катастар на недвижности | основа | 1863,00 |
| | | м² | 9,66 |
| 2 | За премер на внатрешна површина , вклучувајќи и габаритен премер на згради и други објекти: семејна стамбена куќа, деловен објект, базени, рибници, силос, резервоар, надградба/доградба , помошен објект (гаража /градежно место, плевна, шупа и др.) и други, независно за колку засебни објекти се работи во функци на запишување/ промена во катастар за недвижности . | основа | 2415,00 |
| | | м² | 9,66 |
| 3. | За премер на отворена површина на објекти од типот на брани ,соларни централи , отворени спортски игралишта, паркови , плоштади, паркиралишта , зеленила , градби за сепарација на материјал за производство на бетон , бетонски бази , асфалтни бази и други објекти во функција на запишување и промена на катастар на недвижности. | основа | 3139,50 |
| | | м² | 1,00 |
| 4. | За премер на празна катастарска парцела во функција на запишување на катастар на недвижности | основа | 2691,00 |
| | | м² | 1,38 |
| 5 | За обележување на градежна парцела со премер на лице место | основа | 2553,00 |
| | | м² | 1,38 |
| 6 | 6.1 За нумерички податоци без теренско мерење во функција на реализација на урбанистички план , експропријација , приватизацијата на градежно земјиште и друго.(ако градежната парцела претставува дел од една катастерска парцела) | / | 1483,50 |
| | 6.2 За нумерички податоци без теренско мерење во функција на реализација на урбанистички план, експропријација, приватизацијата на градежно земјиште и друго. (ако градежната парцела претставува дел од повеќе катастерски парцели) | основа | 1483,50 |
| | | Цена за секоја наредна КП | 469,20 |
| 7 | За решавање на имотно правни односи (концесии долгорочни записи и др) | | |
| | 7.1 Опфат со површина до 1Ха | 1 Ха | 3967,50 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 7.2 Површина над 1Ха | За секој нареден хектар | 966,00 |
| 8 | За физичка делба на КП | Основна физичка делба на две КП | 4140,00 |
| 8.1 | | Секоја наредна новоформирана КП | 966,00 |
| 9 | Парцелација врз основа на убанистички план со теренско мерење | Една новоформирана КП | 4140,00 |
| 9.1 | | За секоја наредна новоформирана КП | 966,00 |
| 10 | За обележување на граници на катастарска парцела | основа | 1863,00 |
| | | Метар должен | 20,70 |
| 11 | Идентификација на катастарска парцела со увид на лице место без премерување | Една КП | 1552,50 |
| 11.1 | Идентификација на катастарска парцела со премер и увид на лице место | Една КП | 2691,00 |
| 12 | За изготвување на ажурирана геодетска подлога за опфат со површина до 1Ха | 1Ха | 4071,00 |
| 12.1 | За изготвување на ажурирана геодетска подлога за опфат со површина над 1Ха | | |
| | *Опфат со површина од 1-5 Ха | 1Ха | 3622,50 |
| | *Опфат со површина од 5-10 Ха | 1Ха | 2622,00 |
| | *Опфат со површина над 10Ха | 1Ха | 2042,40 |
| | *Опфат вон градежен реон (неизградено земјиште) | 1Ха | 1621,50 |
| 13 | За обележување проектирана градба на терен по прекршочна точка | основа | 2829,00 |
| | | За секоја наредна прекршочна точка | 120,75 |
| 14 | За ажурирање во функција на усогласување на податоците од катастарот на недвижности со фактичката состојба (со изјава на нотар) | Основна цена | 1483,50 |
| | | За секоја нареден метар должен | 15,18 |
| 15 | За откуп на градежно земјиште под зграда /објект/ дел од објект по стекнат правен статус на бесправно изграден објект | основа | 1083,30 |
| | | м² | 6,90 |
| 16 | Премер на инфраструктурен објект | | |
| | 16.1 Инфраструктурен објект поставени на стопа | Еден објект | 3726,00 |
| | 16.2 Премер на сообраќајни , енергетски и каналски и надземни инфраструктурни објекти | км'/насока | 5720,10 |
| | 16.3<br>*Предмер на водоводна,канализациона и енергетска инфраструктура(на отворен ров) | км' | 7107,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *Предмер на водоводна,канализациона и енергетска инфраструктура (на затворен ров,со откривање на инфраструктурни објекти со скенер, трагач,шлиц) | км' | 9604,80 |
| 17 | За легализација на бесправно изградени објекти | м² | 28,29 |
| 18 | За бришење на срушен објект или дел од објект (од Р.бр.11.1) во една КП независно од бројот на објектите | / | 2711,70 |
| 19 | Спојување на парцели ( од Р.бр.11) по ново оформена парцела | / | 1552,50 |
| 20 | Презаверка на елаборати | м² | 5,52 |
| 21 | Преработка на постоечки елаборат | м² | 5,52 |

*за Вршителот на услугата ,*
*Управител,*

*( Дејан Лазаров )*

*за Корисникот на услугата,*
*Градоначалник,*

*( Николчо Илијев )*

ГЕОМЕР ГИС ДООЕЛ Друштво за премер на земјиште, проектирање и други активности на геодетски работи КОЧАНИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ

*Изработил: Виш соработник Александра Миткова*
***Контролирал : Раководител на Сектор за урбанизам и комунални работи – Зоран Манасиевв***